## Ризик од концентрација на изложеност по издавач

**Индикатор:** Изложеност на портфолиото во најголемите 5 позиции од портфолиото

| | |
|---|---|
| Датум | 31.12.2024 |
| Промени на позиции по период | (2019-31.12.2024) |
| Изложеност во најголемите 5 позиции по издавач | 88% |

Изложеноста на средствата на задолжителните пензиски фондови во најголемите 5 позиции на крајот на 31.12.2024 година изнесува 88% и бележи раст во однос на 30.06.2024 година. Тоа значи дека портфолиото на задолжителните пензиски фондови има многу висока концентрација во 5 позиции и потребно е континуирано следење на диверзификацијата на портфолиото. Бидејќи најголемата позиција е Република Северна Македонија, голем дел од портфолиото е под влијание на идентични фактори на ризик како што се кредитниот ризик на државата, движењето на каматните стапки во домашната економија и движењето на стапката на инфлација.







**Методологија и податоци:**

За оценка на овој ризик Агенцијата усвои индикатор изложеност на портфолиото во најголемите 5 позиции од портфолиото и се изразува во проценти од вкупното портфолио на сите задолжителни пензиски фондови.

Овој индикатор се пресметува како збир на процентуалното учество во 5 издавачи во коишто се инвестирани најголем дел од средствата на задолжителните пензиски фондови и дава индикација за ризикот од концентрација на средствата на пензиските фондови.

Колку е поголема концентрација во еден издавач толку системскиот ризик е поголем, со оглед на тоа дека значаен износ на средствата на задолжителните пензиски фондови се инвестирани во мал број на издавачи.